Синдикат на станбено-деловните, комунални, локално-самоуправни, водостопански и радиодифузни организации на РМ ССКО
Бр. 170/3/22
19-7-2022 год.
СКОПЈЕ

СИНДИКАЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Бр. 130/1-07/22
19.07.2022 год.
СКОПЈЕ

# КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР
## на ниво на работодавец
## Општина Аеродром – Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Бр. 08-5539/1
19-07-2022 20 ___ год.
СКОПЈЕ

**Скопје, 2022**

Врз основа на член 203, член 206, член 209 и член 219 став 1 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/05, 3/06,44/06, 66/06, 16/07, 57/07, 77/07, 106/08, 161/08, 63/09, 114/09, 130/09, 149/09,10/10, 16/10, 50/10, 52/10, 58/10, 124/10, 132/10, 158/10, 47/11, 11/12, 39/12, 52/12,13/13, 25/13, 54/13, 170/13, 187/13, 34/14, 106/14, 113/14, 145/14, 20/15, 33/15,72/15, 74/15, 129/15, 167/15, 27/16, 134/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/19, 267/20 и 151/21, 288/21), а в.в со член 3 и член 24 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија" број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19 и 14/20), член 4 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија", број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) и членовите 19 и 20 од Законот за приватните агенции („Службен весник на Република Македонија" број 113/18 и Службен весник на Република Северна Македонија, број 18/2022") , Општина Аеродром, претставувана од градоначалникот Тимчо Муцунски од една страна и Претседателот на Синдикат на станбено-деловните, комунални, локално-самоуправни, водостопански и радиодифузни организации на РМ Зоран Антовски како и Претседателот на Синдикалната Организација на Општина Аеродром Жарко Костески, од друга страна, на ден 19.07.2022 година, склучија во Општина Аеродром,

# КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР

на ниво на работодавец Општина Аеродром – Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на Колективниот договор

**Член 1**

Со овој Колективен договор се уредуваат статусот, правата, обврските и одговорностите и други прашања во врска со работниот однос на вработените во Општина Аеродром (во натамошниот текст: Општина Аеродром), како и условите и начинот на остварување на правата и обврските од работен однос и начинот и постапката за решавање на меѓусебните спорови.

### Поимник

**Член 2**

(1) Работодавец во смисла на овој Колективен договор е Општина Аеродром (во натамошниот текст: работодавецот), како посебна единица на локалната самоуправа.
(2) Вработени во Општина Аеродром (во натамошниот текст: вработени) се лицата што засновале работен однос во Општина Аеродром, кои согласно Законот за административни службеници имаат статус на административни службеници, вработени што вршат помошни-технички работи што немаат статус на